Глава 2

ПРЕСМЕТКА НА ТЕКОВИТЕ НА МОЌНОСТИ ВО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИТЕ СИСТЕМИ

.

ЗАДАЧА 2.1

За едноставниот 110 kV електроенергетски систем прикажан на сликата 2.1 да се одредат:

а) типовите на јазли на системот;

б) матрицата на адмитанции на системот во единечни вредности;

в) да се пресметаат напознатите напони на јазлите на системот после втората итерација на пресметка на напоните на системот со Гаус-Зајделовиот метод. Процесот на итеративно пресметување да се смета за завршен во итерацијата во која во однос на претходната, кај двата јазла, прирастите на реалните и имагинарните делови на напоните по апсолутна вредност се помали од $\varepsilon = 0{,}11V$.



V: $r = 0{,}119\ \Omega$/km, x = 0,409 Ω/km, b = 2,77 μF/km

Слика 2.1. ЕЕС од задача 2.1

РЕШЕНИЕ:

а) Согласно дадените податоци за јазлите на системот може да се определат типовите на јазлите:

- Јазолот ***A*** е од типот **PQ** односно јазол за кој се познати инјектираната активна и реактивна моќност
- Јазолот ***B*** е од типот **PQ** односно јазол за кој се познати инјектираната активна и реактивна моќност
- Јазолот ***C*** е јазол со познат напон или slack јазол
- Јазол од типот **PU** нема во системот

Потоа треба да се изврши нумерација на јазлите. Нумерацијата се изведува така што прво се нумерираат јазлите од типот **PQ**, потоа јазлите **PU** и на крајот slack јазолот. Ваквата нумерација е најзгодна, поради формирањето на матрицата на адмитанции и потоа при пресметките на непознатите напони на системот. За нашиот случај, нумерацијата е:

- Јазолот ***A*** - 1
- Јазолот ***B*** - 2
- Јазолот ***C*** - 3

б) Усвојуваме базен напон и базна моќност: $U_B = 110\,\text{kV}$ и $S_B = 100\,\text{MVA}$. Базната импеданција на системот е еднаква на:

$$Z_B = \frac{U_B^2}{S_B} = \frac{110^2}{100} = 121\,\Omega$$

Инјектираните моќности во јазлите, изразени во единечни вредности се:

$$P_1 + jQ_1 = \frac{-50 - \mathrm{j}25}{100} = (-0{,}5 - \mathrm{j}0{,}25)\text{p.u.}$$

$$P_2 + jQ_2 = \frac{20 + \mathrm{j}10}{100} = (0{,}2 + \mathrm{j}0{,}1)\text{p.u.}$$

Напонот во јазолот 3 (јазол со познат напон), исто така во единечни вреднсоти е:

$$\underline{U}_3 = \frac{110 + j0}{110} = (1{,}00 + j0)\text{p.u.}$$

За да се формира матрицата на адмитанции на системот во единечни вредности, потребно е да се пресметаат подолжните и попречните адмитанции на еквивалентните π -шеми на водовите во единечни вредности.

$$\underline{Y}_{1-2} = \frac{Z_B}{\underline{Z}_{1-2}} = \frac{121}{(0{,}119 + \mathrm{j}0{,}409)\cdot 50} = (1{,}587174 - \mathrm{j}5{,}455076)\text{p.u.}$$

$$\underline{Y}_{1-3} = \frac{Z_B}{\underline{Z}_{1-3}} = \frac{121}{(0{,}119 + \mathrm{j}0{,}409)\cdot 50} = (1{,}587174 - \mathrm{j}5{,}455076)\text{p.u.}$$

$$\underline{Y}_{2-3} = \frac{Z_B}{\underline{Z}_{2-3}} = \frac{121}{(0{,}119 + \mathrm{j}0{,}409)\cdot 30} = (2{,}645289 - \mathrm{j}9{,}091794)\text{p.u.}$$

Попречните адмитанции на еквивалентните π -заменски шеми на водовите во единечни вредности се:

$$\underline{Y}'_{1-2} = \underline{Y}'_{1-3} = \mathrm{j}B \cdot Z_B = \mathrm{j}2{,}77 \cdot 10^{-6} \cdot 50 \cdot 121 = \mathrm{j}0{,}0167585 \text{ p.u.}$$

$$\underline{Y}'_{2-3} = \mathrm{j}B \cdot Z_B = \mathrm{j}2{,}77 \cdot 10^{-6} \cdot 30 \cdot 121 = \mathrm{j}0{,}010055 \text{ p.u.}$$

Алгоритмот за составување на матрицата на адмитанции се состои во следното :
Елементот $\underline{\boldsymbol{Y}}_{\boldsymbol{kk}}$ од главната дијагонала на матрицата е еднаков на сумата на адмитанциите на сите гранки на кои им припаѓа јазолот $\boldsymbol{k}$:

$$\underline{Y}_{11} = \underline{Y}_{1-2} + \underline{Y}_{1-3} + \frac{1}{2}\left(\underline{Y}'_{1-2} + \underline{Y}'_{1-3}\right) = 2\cdot(1{,}587174 - \mathrm{j}5{,}455076) + \frac{1}{2}(2\cdot \mathrm{j}0{,}016758) =$$
$$= (3{,}174348 - \mathrm{j}10{,}893394)\text{p.u.}$$

$$\underline{Y}_{22} = \underline{Y}_{1-2} + \underline{Y}_{2-3} + \frac{1}{2}\left(\underline{Y}'_{1-2} + \underline{Y}'_{2-3}\right) = (1{,}587174 - \mathrm{j}5{,}455076) + (2{,}645289 - \mathrm{j}9{,}091794) +$$
$$+ \frac{1}{2}(\mathrm{j}0{,}0167585 + \mathrm{j}0{,}010055) = (4{,}232463 - \mathrm{j}14{,}533463)\text{p.u.}$$

$$\underline{Y}_{33} = \underline{Y}_{1-3} + \underline{Y}_{2-3} + \frac{1}{2}\left(\underline{Y}'_{1-3} + \underline{Y}'_{2-3}\right) = (1{,}587174 - \mathrm{j}5{,}455076) + (2{,}645289 - \mathrm{j}9{,}091794) +$$
$$+ \frac{1}{2}(\mathrm{j}0{,}0167585 + \mathrm{j}0{,}010055) = (4{,}232463 - \mathrm{j}14{,}533463)\text{p.u.}$$

Елементот $\underline{\boldsymbol{Y}}_{\boldsymbol{kl}} = \underline{\boldsymbol{Y}}_{\boldsymbol{lk}}$ е еднаков на сумата на адмитанциите на сите гранки што директно ги поврзуваат јазлите $\boldsymbol{k}$ и $\boldsymbol{l}$, со променет знак

$$\underline{Y}_{12} = -\underline{Y}_{1-2} = -(1{,}587174 - \mathrm{j}5{,}455076) = (-1{,}587174 + \mathrm{j}5{,}455076)\text{p.u.} = \underline{Y}_{21}$$
$$\underline{Y}_{13} = -\underline{Y}_{1-3} = -(1{,}587174 - \mathrm{j}5{,}455076) = (-1{,}587174 + \mathrm{j}5{,}455076)\text{p.u.} = \underline{Y}_{31}$$
$$\underline{Y}_{23} = -\underline{Y}_{2-3} = -(2{,}645289 - \mathrm{j}9{,}091794) = (-2{,}645289 + \mathrm{j}9{,}091794)\text{p.u.} = \underline{Y}_{32}$$

Конечниот облик на матрицата на адмитанции на разгледуваниот ЕЕС е:

$$\underline{\mathbf{Y}} = \mathbf{G} + \mathbf{jB} = \begin{bmatrix} 3{,}174348 & -1{,}587174 & -1{,}587174 \\ -1{,}587174 & 4{,}232463 & -2{,}645289 \\ -1{,}587174 & -2{,}645289 & 4{,}232463 \end{bmatrix} +$$

$$+ \mathrm{j}\begin{bmatrix} -10{,}893394 & 5{,}455076 & 5{,}455076 \\ 5{,}455076 & -14{,}533464 & 9{,}091794 \\ 5{,}455076 & 9{,}091794 & -14{,}533464 \end{bmatrix}$$

Се забележува дека матрицата е симетрична, бидејќи електроенергетските системи се реципрочни.

Пред да започне итеративното пресметување со Гаус -Зајделовиот метод, потребно е за непознатите напони на јазлите 1 и 2, да прет поставиме почетни вредности, согласно рамниот старт:

$$\underline{U}_1^{(0)} = (1 + \mathrm{j}0)\text{p.u.}$$
$$\underline{U}_2^{(0)} = (1 + \mathrm{j}0)\text{p.u.}$$

За системи во кои нема јазли со контролиран напон (**PU** јазли), односно во кој сите јазли освен slask јазолот можат да се моделираат како **PQ** јазли, итеративната постапка се спроведува по следната шема:

$$\underline{U}_i^{(v+1)} = \frac{1}{\underline{Y}_{ii}} \cdot \left[\frac{P_i - jQ_i}{\left(\underline{U}_i^{(v)}\right)^*} - \sum_{l=1}^{i-1} \underline{Y}_{il} \underline{U}_l^{(v+1)} - \sum_{l=i+1}^{n} \underline{Y}_{il} \underline{U}_l^{(v)} \right]$$

каде што: ***i=1,... ,n-1***, а со ***v*** е означен бројот на итерацијата ***v=0, 1, 2..***
Користејќи ја равенката за напоните на јазлите и нивните прирасти во првата итерација се добива:

$$\underline{U}_1^{(1)} = \frac{1}{\underline{Y}_{11}} \cdot \left[\frac{P_1 - jQ_1}{\left(\underline{U}_1^{(0)}\right)^*} - \underline{Y}_{12}\underline{U}_2^{(0)} - \underline{Y}_{13}\underline{U}_3 \right] =$$
$$= \frac{1}{3{,}174348 - \mathrm{j}10{,}893394} \cdot [\frac{-0{,}5 - \mathrm{j}(-0{,}25)}{(1 + \mathrm{j}0)} - (-1{,}587174 + \mathrm{j}5{,}455076) \cdot (1 + \mathrm{j}0) -$$
$$- (-1{,}587174 + \mathrm{j}5{,}455076) \cdot (1 + \mathrm{j}0)] = (0{,}9679363 - \mathrm{j}0{,}0365559)\text{p.u.}$$

$$\Delta\underline{U}_1^{(1)} = \underline{U}_1^{(1)} - \underline{U}_1^{(0)} = (0{,}9679363 - j0{,}0365559) - (1 + j0) = (-0{,}0320637 - j0{,}0365559)\text{p.u.}$$

$$\underline{U}_2^{(1)} = \frac{1}{\underline{Y}_{22}} \cdot \left[\frac{P_2 - jQ_2}{\left(\underline{U}_2^{(0)}\right)^*} - \underline{Y}_{21}\underline{U}_1^{(1)} - \underline{Y}_{23}\underline{U}_3 \right] =$$
$$= \frac{1}{4{,}232463 - \mathrm{j}14{,}533464} \cdot [\frac{0{,}2 - \mathrm{j}0{,}1}{(1 + \mathrm{j}0)} - (-1{,}587174 + \mathrm{j}5{,}455076) \cdot (0{,}967936 - \mathrm{j}0{,}0365559) -$$
$$- (-1{,}587174 + \mathrm{j}5{,}455076) \cdot (1 + \mathrm{j}0)] = (0{,}9988499 - \mathrm{j}0{,}0031265)\text{p.u.}$$

$$\Delta\underline{U}_2^{(1)} = \underline{U}_2^{(1)} - \underline{U}_2^{(0)} = (0{,}9988499 - \mathrm{j}0{,}0031265) - (1 + \mathrm{j}0) = (0{,}0011501 - \mathrm{j}0{,}0031265)\text{p.u.}$$

Дозволената толеранција, во единечни вредности е:

$$\varepsilon = \frac{0{,}11}{U_B} = \frac{0{,}11}{110 \cdot 10^3} = 10^{-6}\,\text{p.u.}$$

Според тоа критериумот за прекин на итеративното пресметување на напоните, очигледно не е задоволен. Поради тоа, процесот на итеративно пресметување на напоните продолжува. Во втората итерација се пресметува:

$$\underline{U}_1^{(2)} = \frac{1}{\underline{Y}_{11}} \cdot \left[\frac{P_1 - jQ_1}{\left(\underline{U}_1^{(1)}\right)^*} - \underline{Y}_{12}\underline{U}_2^{(1)} - \underline{Y}_{13}\underline{U}_3 \right] =$$

$$= \frac{1}{3{,}174348 - \text{j}10{,}893394} \cdot [\frac{-0{,}5 - \text{j}(-0{,}25)}{(0.9679363 + \text{j}0{,}0365559)} - (-1{,}587174 + \text{j}5{,}455076) \cdot$$

$$\cdot (0.9988499 - \text{j}0{,}0031265) - (-1{,}587174 + \text{j}5{,}455076) \cdot (1 + \text{j}0)] =$$

$$= (0.9648917 - \text{j}0{,}0379607)\text{p.u.}$$

$$\Delta\underline{U}_1^{(2)} = \underline{U}_1^{(2)} - \underline{U}_1^{(1)} = (0{,}9648917 - \text{j}0{,}0379607) - (0.9679363 - \text{j}0{,}0365559) =$$

$$= (0{,}0030446 - \text{j}0{,}0014048)\text{p.u.}$$

$$\underline{U}_2^{(2)} = \frac{1}{\underline{Y}_{22}} \cdot \left[\frac{P_2 - jQ_2}{\left(\underline{U}_2^{(1)}\right)^*} - \underline{Y}_{21}\underline{U}_1^{(2)} - \underline{Y}_{23}\underline{U}_3 \right] =$$

$$= \frac{1}{4{,}232463 - \text{j}14{,}533464} \cdot [\frac{0{,}2 - \text{j}0{,}1}{(0.9988499 + \text{j}0{,}0031265)} - (-1{,}587174 + \text{j}5{,}455076) \cdot$$

$$\cdot (0.9648917 - \text{j}0{,}0379607) - (-1{,}587174 + \text{j}5{,}455076) \cdot (1 + \text{j}0)] = (0.9977525 - \text{j}0{,}0036725)\text{p.u.}$$

$$\Delta\underline{U}_2^{(2)} = \underline{U}_2^{(2)} - \underline{U}_2^{(1)} = (0.9977525 - \text{j}0{,}0036725) - (0{,}9988499 - \text{j}0{,}0031265)$$

$$= (-0{,}0010974 - \text{j}0{,}000546)\text{p.u.}$$

Може да се констатира дека ни по втората итерација не е задоволен критериумот за завршување на процесот на итеративно пресметување. Поради тоа, процесот продолжува со третата итерација, итн.

Со цел да се пресметаат точните вредности на напоните изработена е компјутерска програма за пресметка на напоните со Гаус-Зајделовиот метод. Доколку се пресметаат соодветните прирасти за секоја итерација, ќе се добие дека критериумот е задоволен на крајот на осмата итерација, односно апсолутните вредности на прирастите на реалните и имагинарните делови на напоните се помали од до зволената толеранција:

$$\Delta\underline{U}_1^{(8)} = \underline{U}_1^{(8)} - \underline{U}_1^{(7)} = (0.9639586 - \text{j}0{,}0383801) - (0{,}9639591 - \text{j}0{,}0383799) =$$

$$= (5 - j2) \cdot 10^{-7}\,\text{p.u.} < 10^{-6}\,\text{p.u.}$$

$$\Delta\underline{U}_2^{(8)} = \underline{U}_2^{(8)} - \underline{U}_2^{(7)} = (0.9974242 - \text{j}0{,}0038215) - (0.9974244 - \text{j}0{,}0038214) =$$

$$= (-2 - j1) \cdot 10^{-7}\,\text{p.u.} < 10^{-6}\,\text{p.u.}$$

Резултатите од првите осум итерации се дадени во табела 1.

Табела 2.1. Напоните на јазлите по итерации

итерација	$\underline{U}_1$ (p.u.)	$\underline{U}_2$ (p.u.)
1	0,9679363-j0,0365559	0,9988499-j0,0031265
2	0,9648917-j0,0379607	0,9977525-j0,0036725
3	0,9641742-j0,0382885	0,9975002-j0,0037891
4	0,9640082-j0,0383598	0,9974418-j0,0038143
5	0,9639699-j0,0383756	0,9974282-j0,0038199
6	0,9639611-j0,0383791	0,9974251-j0,0038211
7	0,9639591-j0,0383799	0,9974244-j0,0038214
8	0,9639586-j0,0383801	0,9974242-j0,0038215

Тоа значи дека пресметаните напони во осмата итерација се сметаат за бараното решение. Изразени во апсолутни вредности (киловолти) се добиваат со множење со базниот напон:

$$\underline{U}_1 = (0{,}9639586 - \mathrm{j}0{,}0383801)\cdot 110 = (106{,}04 - \mathrm{j}4{,}22)\mathrm{kV} = 106{,}12\cdot e^{-\mathrm{j}2{,}27^\circ}\ \mathrm{kV}$$

$$\underline{U}_2 = (0{,}9974242 - \mathrm{j}0{,}0038215)\cdot 110 = (109{,}72 - \mathrm{j}0{,}42)\mathrm{kV} = 109{,}72\cdot e^{-\mathrm{j}0{,}22^\circ}\ \mathrm{kV}$$

<u>ЗАДАЧА 2.2</u>

Користејќи ги пресметаните комплексни напони од задачата 2.1, за системот од истата задача да се одредат:

а) инјектираната комплексна моќност во јазолот C;

б) тековите на моќности низ гранките на системот;

в) загубите на моќности во гранките на системот.

<u>РЕШЕНИЕ:</u>

а) Врз основа на пресметаните комплексни напони во јазлите, можат да се пресметаат непознатите инјектирани моќности, односно инјектираната комплексна моќност за јазолот ***C***. Непознатата инјектирана моќност на еден јазол се пресметува преку следната равенка:

$$\underline{S}_i = \underline{U}_i \cdot \sum_{k=1}^{n} \underline{Y}_{ik}^* \cdot \underline{U}_k^*$$

За јазолот ***C*** добиваме:

$$\underline{S}_3 = \underline{U}_3 \cdot \left[\underline{Y}_{31}^* \cdot \underline{U}_1^* + \underline{Y}_{32}^* \cdot \underline{U}_2^* + \underline{Y}_{33}^* \cdot \underline{U}_3^*\right] = (1 + \mathrm{j}0)\cdot[(-1{,}587174 - \mathrm{j}5{,}455077)\cdot$$
$$\cdot(0{,}9639586 + \mathrm{j}0{,}0383801) + (-2{,}645290 - \mathrm{j}9{,}091794)\cdot(0{,}9974242 + \mathrm{j}0{,}0038215) +$$
$$+ (4{,}232463 + \mathrm{j}14{,}533464)\cdot(1 - \mathrm{j}0)] = (0{,}30812813 + \mathrm{j}0{,}1355954)\mathrm{p.u.}$$

или во апсолутни вредности:

$$\underline{S}_3 = (0{,}30812813 + \mathrm{j}0{,}1355954)\cdot 100 = (30{,}81 + \mathrm{j}13{,}56)\mathrm{MVA}$$

б) Тековите на моќности во елементите на системот од типот водови и тоа на почетокот и на крајот од водот, се пресметуваат со следните релации:

$$\underline{S}_{k-l} = \underline{U}_k \cdot \left[\left(\underline{U}_k^* - \underline{U}_l^*\right)\cdot \underline{Y}_{k-l}^* + \underline{U}_k^* \cdot \frac{\left(\underline{Y}_{k-l}^{'}\right)^*}{2}\right]; \qquad \underline{S}_{l-k} = \underline{U}_l \cdot \left[\left(\underline{U}_l^* - \underline{U}_k^*\right)\cdot \underline{Y}_{k-l}^* + \underline{U}_l^* \cdot \frac{\left(\underline{Y}_{k-l}^{'}\right)^*}{2}\right]$$

За водот А-В се добива:

$$\underline{S}_{1-2} = \underline{U}_1 \cdot \left[\left(\underline{U}_1^* - \underline{U}_2^* \right) \cdot \underline{Y}_{1-2}^* + \underline{U}_1^* \cdot \frac{\left(\underline{Y}_{1-2}^{'} \right)^*}{2} \right] = \left(0{,}9639586 - j0{,}0383801 \right) \cdot$$

$$\cdot [\left(0{,}9639586 - j0{,}0383801 - 0{,}9974242 - j0{,}0038215 \right) \cdot \left(1{,}587174 + j5{,}455076 \right) +$$

$$+ \left(0{,}9639586 + j0{,}0383801 \right) \cdot \frac{1}{2} \left(- j0{,}0167585 \right)] = \left(- 0{,}2378284 - j0{,}1216290 \right) \text{p.u.}$$

$$\underline{S}_{1-2} = \left(- 0{,}2378284 - j0{,}1216290 \right) \cdot 100 = \left(- 23{,}78 - j12{,}16 \right) \text{MVA}$$

$$\underline{S}_{2-1} = \underline{U}_2 \cdot \left[\left(\underline{U}_2^* - \underline{U}_1^* \right) \cdot \underline{Y}_{1-2}^* + \underline{U}_2^* \cdot \frac{\left(\underline{Y}_{1-2}^{'} \right)^*}{2} \right] = \left(0{,}9974242 - j0{,}0038215 \right) \cdot$$

$$\cdot [\left(0{,}9974242 + j0{,}0038215 - 0{,}9639586 - j0{,}0383801 \right) \cdot \left(1{,}587174 + j5{,}455076 \right) +$$

$$+ \left(0{,}9974242 + j0{,}0038215 \right) \cdot \frac{1}{2} \left(- j0{,}0167585 \right)] = \left(0{,}2415015 + j0{,}1181187 \right) \text{p.u.}$$

$$\underline{S}_{2-1} = \left(0{,}2415015 + j0{,}1181187 \right) \cdot 100 = \left(24{,}15 + j11{,}81 \right) \text{MVA}$$

За водот А-С се добива:

$$\underline{S}_{1-3} = \underline{U}_1 \cdot \left[\left(\underline{U}_1^* - \underline{U}_3^* \right) \cdot \underline{Y}_{1-3}^* + \underline{U}_1^* \cdot \frac{\left(\underline{Y}_{1-3}^{'} \right)^*}{2} \right] = \left(0{,}9639586 - j0{,}0383801 \right) \cdot$$

$$\cdot [\left(0{,}9639586 + j0{,}0383801 - 1 \right) \cdot \left(1{,}587174 + j5{,}455076 \right) +$$

$$+ \left(0{,}9639586 + j0{,}0383801 \right) \cdot \frac{1}{2} \left(- j0{,}0167585 \right)] = \left(- 0{,}2621708 - j0{,}1283698 \right) \text{p.u.}$$

$$\underline{S}_{1-3} = \left(- 0{,}2621708 - j0{,}1283698 \right) \cdot 100 = \left(- 26{,}22 - j12{,}84 \right) \text{MVA}$$

$$\underline{S}_{3-1} = \underline{U}_3 \cdot \left[\left(\underline{U}_3^* - \underline{U}_1^* \right) \cdot \underline{Y}_{1-3}^* + \underline{U}_3^* \cdot \frac{\left(\underline{Y}_{1-3}^{'} \right)^*}{2} \right] = \left(1 - j0 \right) \cdot$$

$$\cdot [\left(1 - 0{,}9639586 - j0{,}0383801 \right) \cdot \left(1{,}587174 + j5{,}455076 \right) +$$

$$+ \left(1 - j0 \right) \cdot \frac{1}{2} \left(- j0{,}0167585 \right)] = \left(0{,}2665705 + j0{,}1273137 \right) \text{p.u.}$$

$$\underline{S}_{3-1} = \left(0{,}2665705 + j0{,}1273137 \right) \cdot 100 = \left(26{,}66 + j12{,}73 \right) \text{MVA}$$

За водот В-С се добива:

$$\underline{S}_{2-3} = \underline{U}_2 \cdot \left[\left(\underline{U}_2^* - \underline{U}_3^* \right) \cdot \underline{Y}_{2-3}^* + \underline{U}_2^* \cdot \frac{\left(\underline{Y}_{2-3}^{'} \right)^*}{2} \right] = \left(0{,}9974242 - j0{,}0038215 \right) \cdot$$

$$\cdot [\left(0{,}9974242 + j0{,}0038215 - 1 - j0 \right) \cdot \left(2{,}645289 + j9{,}091794 \right) +$$

$$+ \left(0{,}9974242 + j0{,}0038215 \right) \cdot \frac{1}{2} \left(- j0{,}010055 \right)] = \left(- 0{,}0415015 - j0{,}01811798 \right) \text{p.u.}$$

$$\underline{S}_{2-3} = \left(- 0{,}0415015 - j0{,}01811798 \right) \cdot 100 = \left(- 4{,}15 - j1{,}81 \right) \text{MVA}$$

$$\underline{S}_{3-2} = \underline{U}_3 \cdot \left[\left(\underline{U}_3^* - \underline{U}_2^* \right) \cdot \underline{Y}_{2-3}^* + \underline{U}_3^* \cdot \frac{\left(\underline{Y}_{2-3}^{'} \right)^*}{2} \right] = (1 - \mathrm{j}0) \cdot$$

$$\cdot [(1 - 0{,}9974242 - \mathrm{j}0{,}0038215) \cdot (2{,}645289 + \mathrm{j}9{,}091794) +$$

$$+ (1 - \mathrm{j}0) \cdot \frac{1}{2} (- \mathrm{j}0{,}010055)] = (0{,}0415577 + \mathrm{j}0{,}00828177)\text{p.u.}$$

$$\underline{S}_{3-1} = (0{,}0415577 + \mathrm{j}0{,}00828177) \cdot 100 = (4{,}16 + \mathrm{j}0{,}83)\text{MVA}$$

в) Загубите на моќност во секој од елементите на системот можат да се определат како збир од тековите на моќности на почетокот и на крајот од водот :

$$\Delta \underline{S}_{k-l} = \underline{S}_{k-l} + \underline{S}_{l-k}$$

За водот А-В се добива:

$$\Delta \underline{S}_{1-2} = \underline{S}_{1-2} + \underline{S}_{2-1} = (-0{,}2378284 - \mathrm{j}0{,}1216290) + (0{,}2415015 + \mathrm{j}0{,}1181187) =$$
$$= (0{,}0036731 - \mathrm{j}0{,}0035103)\text{p.u.}$$

$$\Delta \underline{S}_{1-2} = (0{,}0036731 - \mathrm{j}0{,}0035103) \cdot 100 = (0{,}37 - \mathrm{j}0{,}35)\text{MVA}$$

За водот А-С се добива:

$$\Delta \underline{S}_{1-3} = \underline{S}_{1-3} + \underline{S}_{3-1} = (-0{,}2621708 - \mathrm{j}0{,}1283698) + (0{,}2665705 + \mathrm{j}0{,}1273137) =$$
$$= (0{,}004399 - \mathrm{j}0{,}001056)\text{p.u.}$$

$$\Delta \underline{S}_{1-3} = (0{,}004399 - \mathrm{j}0{,}001056) \cdot 100 = (0{,}44 - \mathrm{j}0{,}11)\text{MVA}$$

За водот В-С се добива:

$$\Delta \underline{S}_{2-3} = \underline{S}_{2-3} + \underline{S}_{3-2} = (-0{,}0415015 - \mathrm{j}0{,}01811798) + (0{,}0415577 + \mathrm{j}0{,}00828177) =$$
$$= (0{,}0000562 - \mathrm{j}0{,}009836)\text{MVA}$$

$$\Delta \underline{S}_{2-3} = (0{,}0000562 - \mathrm{j}0{,}009836) \cdot 100 = (0{,}01 - \mathrm{j}0{,}98)\text{MVA}$$

Вкупните загуби во системот се:

$$\Delta \underline{S} = \Delta \underline{S}_{1-2} + \Delta \underline{S}_{1-3} + \Delta \underline{S}_{2-3} = (0{,}0036731 - \mathrm{j}0{,}0035103) + (0{,}004399 - \mathrm{j}0{,}001056) +$$
$$+ (0{,}0000562 - \mathrm{j}0{,}009836) = (0{,}0081283 - \mathrm{j}0{,}01440269)\text{p.u.}$$

$$\Delta \underline{S} = (0{,}0081283 - \mathrm{j}0{,}01440269) \cdot 100 = (0{,}81 - \mathrm{j}1{,}44)\text{MVA}$$

<u>ЗАДАЧА 2.3</u>

Еден електроенергетски систем е претставен со својата матрица на адмитанции на независни јазли во единечни вредности $\underline{\mathbf{Y}}$:

$$\underline{\mathbf{Y}} = \begin{bmatrix} 2 - j20 & -1 + j10 & -1 + j10 & 0 \\ -1 + j10 & 3 - j30 & -1 + j10 & -1 + j10 \\ -1 + j10 & -1 + j10 & 3 - j30 & -1 + j10 \\ 0 & -1 + j10 & -1 + j10 & 2 - j20 \end{bmatrix}$$

а) На основа на познатата матрица $\underline{\mathbf{Y}}$ да се изврши реконструкција на тополошката структура на ЕЕС и да се пресметаат параметрите на системот;

б) Да се пресметаат непознатите напони на системот после првата итерација на пресметка на тековите на моќности со Њутн-Рафсоновиот метод. Податоците за јазлите се дадени во табелата 2.2.

в) Врз основа на точните пресметани напони со помош на компјутерска програма во точката б), да се пресметаат вкупните загуби на активна моќност во системот.

Напомена: Да се усвои базен напон и базна моќност: $U_B = 220\,\text{kV}$ и $S_B = 100\,\text{MVA}$

Табела 2.2. Податоци за јазлите на системот:

име	U (p.u.)	θ (rad)	P_g (p.u.)	P_p (p.u.)	Q_g (p.u.)	Q_p (p.u.)
1	-	-	0	0,6	0	0,2
2	-	-	1,1	0,5	0,5	0,1
3	-	-	0	0,4	0	0,05
4	1,05	0	-	0	-	0

<u>РЕШЕНИЕ:</u>

а) Најлесен начин за да се изврши реконструкција на тополошката структура на мрежата, е со користење на вондијагоналните елементи на дадената матрица на адмитанции на системот. Знаеме дека елементот $\underline{\boldsymbol{Y}}_{\boldsymbol{kl}} = \underline{\boldsymbol{Y}}_{\boldsymbol{lk}}$ на матрицата на адмитанции е еднаков на сумата на адмитанциите на сите гранки што директно ги поврзуваат јазлите ***k*** и ***l***, со променет знак. Согласно ова следи дека адмитанциите на подолжните гранки на елементите на системот се:

$$\underline{Y}_{1-2} = -\underline{Y}_{12} = -(-1 + \text{j}10) = (1 - \text{j}10)\text{p.u.}$$
$$\underline{Y}_{1-3} = -\underline{Y}_{13} = -(-1 + \text{j}10) = (1 - \text{j}10)\text{p.u.}$$
$$\underline{Y}_{1-4} = -\underline{Y}_{14} = 0$$
$$\underline{Y}_{2-3} = -\underline{Y}_{23} = -(-1 + \text{j}10) = (1 - \text{j}10)\text{p.u.}$$
$$\underline{Y}_{2-4} = -\underline{Y}_{24} = -(-1 + \text{j}10) = (1 - \text{j}10)\text{p.u.}$$
$$\underline{Y}_{3-4} = -\underline{Y}_{34} = -(-1 + \text{j}10) = (1 - \text{j}10)\text{p.u.}$$

Сега мора да се изврши проверка дали има во некој јазол попречни гранки. Тоа ќе го направиме со помош на дијагоналните членови на матрицата.

$$\underline{Y}_{11} = \underline{Y}_{1-2} + \underline{Y}_{1-3} + \underline{Y}_{1-4} = 2 \cdot (1 - \text{j}10) + 0 = (3 - \text{j}30)\text{p.u.}$$
$$\underline{Y}_{22} = \underline{Y}_{2-1} + \underline{Y}_{2-3} + \underline{Y}_{2-4} = 3 \cdot (1 - \text{j}10) = (3 - \text{j}30)\text{p.u.}$$
$$\underline{Y}_{33} = \underline{Y}_{3-1} + \underline{Y}_{3-2} + \underline{Y}_{3-4} = 3 \cdot (1 - \text{j}10) = (3 - \text{j}30)\text{p.u.}$$
$$\underline{Y}_{44} = \underline{Y}_{4-1} + \underline{Y}_{4-2} + \underline{Y}_{4-3} = 0 + 2 \cdot (1 - \text{j}10) = (2 - \text{j}20)\text{p.u.}$$

Можи да се забележи дека мрежата нема попречни гранки, односно тие се занемарени. Конечно тополошката структура на мрежата е прикажана на сликата 2.2:



б) Слично како кај Гаус Зајделовиот метод, кај јазлите од типот PQ (јазли 1, 2 и 3), претпоставуваме рамен старт (flat start):

$$\underline{U}_1^{(0)} = \underline{U}_2^{(0)} = \underline{U}_3^{(0)} = 1{,}0 \cdot e^{j0} \text{ p.u.}$$

Дадените моќности во јазлите се:

$$\text{јазол 1: } \underline{S}_1 = (-0{,}6 - \text{j}0{,}2)\text{p.u.}$$

$$\text{јазол 2: } \underline{S}_2 = ((1{,}1 - 0{,}5) + \text{j}(0{,}5 - 0{,}1)) = (0{,}6 + \text{j}0{,}4)\text{p.u.}$$

$$\text{јазол 3: } \underline{S}_3 = (-0{,}4 - \text{j}0{,}05)\text{p.u.}$$

За балансниот (slack) јазол имаме:

$$\underline{U}_4 = 1{,}05 \cdot e^{j0} \text{ p.u.}$$

Сега можат да се пресметаат инјектираните моќности во јазлите на системот кои е погодно да се пресметуваат на почетокот на секоја итерација, бидејќи потоа се користат за пресметка на дијагоналните елементи на Јакобијанот. Ќе се користи следната форма на равенките за инјектираните активни и реактивни моќности во јазлите:

$$P_i = U_i \cdot \sum_{k=1}^{n} U_k \cdot (G_{ik} \cdot \cos\theta_{ik} + B_{ik} \cdot \sin\theta_{ik}) = G_{ii} \cdot U_i^2 + U_i \cdot \sum_{\substack{k=1 \\ k \neq i}}^{n} U_k \cdot (G_{ik} \cdot \cos\theta_{ik} + B_{ik} \cdot \sin\theta_{ik})$$

$$Q_i = U_i \cdot \sum_{k=1}^{n} U_k \cdot (G_{ik} \cdot \sin\theta_{ik} - B_{ik} \cdot \cos\theta_{ik}) = -B_{ii} \cdot U_i^2 + U_i \cdot \sum_{\substack{k=1 \\ k \neq i}}^{n} U_k \cdot (G_{ik} \cdot \sin\theta_{ik} - B_{ik} \cdot \cos\theta_{ik})$$

За јазолот 1 имаме:

$$P_{1\text{pres.}}^{(0)} = G_{11} \cdot \left(U_1^{(0)}\right)^2 + U_1^{(0)} \cdot [U_2^{(0)} \cdot (G_{12} \cdot \cos(\theta_1 - \theta_2) + B_{12} \cdot \sin(\theta_1 - \theta_2)) + U_3^{(0)} \cdot$$
$$(G_{13} \cdot \cos(\theta_1 - \theta_3) + B_{13} \cdot \sin(\theta_1 - \theta_3))] = 2 \cdot 1^2 + 1 \cdot [1 \cdot (-1 \cdot \cos(0) + 10 \cdot \sin(0)) +$$
$$+ 1 \cdot (-1 \cdot \cos(0) + 10 \cdot \sin(0)) = 0 \text{ p.u.}$$

$$Q_{1\text{pres.}}^{(0)} = -B_{11} \cdot \left(U_1^{(0)}\right)^2 + U_1^{(0)} \cdot [U_2^{(0)} \cdot (G_{12} \cdot \sin(\theta_1 - \theta_2) - B_{12} \cdot \cos(\theta_1 - \theta_2)) + U_3^{(0)} \cdot$$
$$(G_{13} \cdot \sin(\theta_1 - \theta_3) - B_{13} \cdot \cos(\theta_1 - \theta_3))] = -(-20) \cdot 1^2 + 1 \cdot [1 \cdot (-1 \cdot \sin(0) - 10 \cdot \cos(0)) +$$
$$+ 1 \cdot (-1 \cdot \sin(0) - 10 \cdot \cos(0)) = 0 \text{ p.u.}$$

За јазолот 2 имаме:

$$P_{2\text{pres.}}^{(0)} = G_{22} \cdot \left(U_2^{(0)}\right)^2 + U_2^{(0)} \cdot [U_1^{(0)} \cdot (G_{21} \cdot \cos(\theta_2 - \theta_1) + B_{21} \cdot \sin(\theta_2 - \theta_1)) + U_3^{(0)} \cdot$$
$$(G_{23} \cdot \cos(\theta_2 - \theta_3) + B_{23} \cdot \sin(\theta_2 - \theta_3)) + U_4 \cdot (G_{24} \cdot \cos(\theta_2 - \theta_4) + B_{24} \cdot \sin(\theta_2 - \theta_4))] =$$
$$= 3 \cdot 1^2 + 1 \cdot [1 \cdot (-1 \cdot \cos(0) + 10 \cdot \sin(0)) + 1 \cdot (-1 \cdot \cos(0) + 10 \cdot \sin(0)) + 1{,}05 \cdot (-1 \cdot \cos(0) + 10 \cdot \sin(0))] =$$
$$= -0{,}05 \text{ p.u.}$$

$$Q_{2\text{pres.}}^{(0)} = -B_{22} \cdot \left(U_2^{(0)}\right)^2 + U_2^{(0)} \cdot [U_1^{(0)} \cdot (G_{21} \cdot \sin(\theta_2 - \theta_1) - B_{21} \cdot \cos(\theta_2 - \theta_1)) + U_3^{(0)} \cdot$$
$$(G_{23} \cdot \sin(\theta_2 - \theta_3) - B_{23} \cdot \cos(\theta_2 - \theta_3)) + U_4 \cdot (G_{24} \cdot \sin(\theta_2 - \theta_4) - B_{24} \cdot \cos(\theta_2 - \theta_4))] = -(-30) 1^2 +$$
$$+ 1 \cdot [1 \cdot (-1 \cdot \sin(0) - 10 \cdot \cos(0)) + 1 \cdot (-1 \cdot \sin(0) - 10 \cdot \cos(0)) + 1{,}05 \cdot (-1 \cdot \sin(0) - 10 \cdot \cos(0)) = -0{,}5 \text{ p.u.}$$

За јазолот 3 имаме:

$$P_{3\text{pres.}}^{(0)} = G_{33}\cdot\left(U_3^{(0)}\right)^2 + U_3^{(0)}\cdot[U_1^{(0)}\cdot\left(G_{31}\cdot\cos(\theta_3-\theta_1)+B_{31}\cdot\sin(\theta_3-\theta_1)\right)+U_2^{(0)}\cdot$$
$$\left(G_{32}\cdot\cos(\theta_3-\theta_2)+B_{32}\cdot\sin(\theta_3-\theta_2)\right)+U_4\cdot\left(G_{34}\cdot\cos(\theta_3-\theta_4)+B_{34}\cdot\sin(\theta_2-\theta_4)\right)]=$$
$$=3\cdot 1^2+1\cdot[1\cdot\left(-1\cdot\cos(0)+10\cdot\sin(0)\right)+1\cdot\left(-1\cdot\cos(0)+10\cdot\sin(0)\right)+1{,}05\cdot\left(-1\cdot\cos(0)+10\cdot\sin(0)\right)]=$$
$$=-0{,}05\ \text{p.u.}$$

$$Q_{3\text{pres.}}^{(0)} = -B_{33}\cdot\left(U_3^{(0)}\right)^2 + U_3^{(0)}\cdot[U_1^{(0)}\cdot\left(G_{31}\cdot\sin(\theta_3-\theta_1)-B_{31}\cdot\cos(\theta_3-\theta_1)\right)+U_2^{(0)}\cdot$$
$$\left(G_{32}\cdot\sin(\theta_3-\theta_2)-B_{32}\cdot\cos(\theta_3-\theta_2)\right)+U_4\cdot\left(G_{34}\cdot\sin(\theta_3-\theta_4)-B_{34}\cdot\cos(\theta_3-\theta_4)\right)]=-\left(-30\right)1^2+$$
$$+1\cdot[1\cdot\left(-1\cdot\sin(0)-10\cdot\cos(0)\right)+1\cdot\left(-1\cdot\sin(0)-10\cdot\cos(0)\right)+1{,}05\cdot\left(-1\cdot\sin(0)-10\cdot\cos(0)\right)=-0{,}5\ \text{p.u.}$$

$$\Delta P^{(0)} = P - P_{(\text{pres.})}^{(0)} = \begin{bmatrix}-0{,}6\\0{,}6\\-0{,}4\end{bmatrix}-\begin{bmatrix}0{,}0\\-0{,}05\\-0{,}05\end{bmatrix}=\begin{bmatrix}-0{,}6\\0{,}65\\-0{,}35\end{bmatrix}$$

$$\Delta Q^{(0)} = Q - Q_{(\text{pres.})}^{(0)} = \begin{bmatrix}-0{,}2\\0{,}4\\-0{,}05\end{bmatrix}-\begin{bmatrix}0{,}0\\-0{,}5\\-0{,}5\end{bmatrix}=\begin{bmatrix}-0{,}2\\0{,}9\\0{,}45\end{bmatrix}$$

Следуваат пресметките на елементите на јакобијанот, кој ќе има димензии еднакви на бројот на непознати на системот, односно три агли на напони (n-1) и три модули на напони (q):

$$(n-1+q)\times(n-1+q)=(4-1+3)\times(4-1+3)=6\times 6$$

каде што, n е вкупниот број на јазли на системот, а q е бројот на PQ јазли во системот. Општата форма на Јакобијанот, односно неговите субматрици, е:

$$\begin{bmatrix}\dfrac{\partial P}{\partial\theta} & \dfrac{\partial P}{\partial U}U\\ \dfrac{\partial Q}{\partial\theta} & \dfrac{\partial Q}{\partial U}U\end{bmatrix}_{(n-1+q)x(n-1+q)} = \begin{bmatrix}\mathbf{H}_{(n-1)\text{x}(n-1)} & \mathbf{N}_{(n-1)\text{x}q}\\ \mathbf{M}_{q\text{x}(n-1)} & \mathbf{L}_{qxq}\end{bmatrix}$$

Односно за нашиот случај:

$$\begin{bmatrix}
\dfrac{\partial P_1}{\partial\theta_1} & \dfrac{\partial P_1}{\partial\theta_2} & \dfrac{\partial P_1}{\partial\theta_3} & \dfrac{\partial P_1}{\partial U_1}U_1 & \dfrac{\partial P_1}{\partial U_2}U_2 & \dfrac{\partial P_1}{\partial U_3}U_3\\
\dfrac{\partial P_2}{\partial\theta_1} & \dfrac{\partial P_2}{\partial\theta_2} & \dfrac{\partial P_2}{\partial\theta_3} & \dfrac{\partial P_2}{\partial U_1}U_1 & \dfrac{\partial P_2}{\partial U_2}U_2 & \dfrac{\partial P_2}{\partial U_3}U_3\\
\dfrac{\partial P_3}{\partial\theta_1} & \dfrac{\partial P_3}{\partial\theta_2} & \dfrac{\partial P_3}{\partial\theta_3} & \dfrac{\partial P_3}{\partial U_1}U_1 & \dfrac{\partial P_3}{\partial U_2}U_2 & \dfrac{\partial P_3}{\partial U_3}U_3\\
\dfrac{\partial Q_1}{\partial\theta_1} & \dfrac{\partial Q_1}{\partial\theta_2} & \dfrac{\partial Q_1}{\partial\theta_3} & \dfrac{\partial Q_1}{\partial U_1}U_1 & \dfrac{\partial Q_1}{\partial U_2}U_2 & \dfrac{\partial Q_1}{\partial U_3}U_3\\
\dfrac{\partial Q_2}{\partial\theta_1} & \dfrac{\partial Q_2}{\partial\theta_2} & \dfrac{\partial Q_2}{\partial\theta_3} & \dfrac{\partial Q_2}{\partial U_1}U_1 & \dfrac{\partial Q_2}{\partial U_2}U_2 & \dfrac{\partial Q_2}{\partial U_3}U_3\\
\dfrac{\partial Q_3}{\partial\theta_1} & \dfrac{\partial Q_3}{\partial\theta_2} & \dfrac{\partial Q_3}{\partial\theta_3} & \dfrac{\partial Q_3}{\partial U_1}U_1 & \dfrac{\partial Q_3}{\partial U_2}U_2 & \dfrac{\partial Q_3}{\partial U_3}U_3
\end{bmatrix}$$

Членовите на субматриците H и L со исти индекси се:

$$H_{11} = -Q_{1\text{pres}}^{(0)} - B_{11} \cdot \left(U_1^{(0)}\right)^2 = 0 - (-20) \cdot 1,0^2 = 20 \text{ p.u.}$$

$$H_{22} = -Q_{2\text{pres}}^{(0)} - B_{22} \cdot \left(U_2^{(0)}\right)^2 = -(-0,5) - (-30) \cdot 1,0^2 = 30,5 \text{ p.u.}$$

$$H_{33} = -Q_{3\text{pres}}^{(0)} - B_{33} \cdot \left(U_3^{(0)}\right)^2 = -(-0,5) - (-30) \cdot 1,0^2 = 30,5 \text{ p.u.}$$

$$L_{11} = Q_{1\text{pres}}^{(0)} - B_{11} \cdot \left(U_1^{(0)}\right)^2 = 0 - (-20) \cdot 1,0^2 = 20 \text{ p.u.}$$

$$L_{22} = Q_{2\text{pres}}^{(0)} - B_{22} \cdot \left(U_2^{(0)}\right)^2 = -0,5 - (-30) \cdot 1,0^2 = 29,5 \text{ p.u.}$$

$$L_{33} = Q_{3\text{pres}}^{(0)} - B_{33} \cdot \left(U_3^{(0)}\right)^2 = -0,5 - (-30) \cdot 1,0^2 = 29,5 \text{ p.u.}$$

Членовите на субматриците H и L со различни индекси се:

$$H_{12} = L_{12} = U_1^{(0)} \cdot U_2^{(0)} \cdot \left(G_{12} \cdot \sin\theta_{12} - B_{12} \cdot \cos\theta_{12}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 0 - 10,0 \cdot 1,0) = -10,0 \text{ p.u.}$$

$$H_{21} = L_{21} = U_2^{(0)} \cdot U_1^{(0)} \cdot \left(G_{21} \cdot \sin\theta_{21} - B_{21} \cdot \cos\theta_{21}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 0 - 10 \cdot 1,0) = -10,0 \text{ p.u.}$$

$$H_{13} = L_{13} = U_1^{(0)} \cdot U_3^{(0)} \cdot \left(G_{13} \cdot \sin\theta_{13} - B_{13} \cdot \cos\theta_{13}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 0 - 10,0 \cdot 1,0) = -10,0 \text{ p.u.}$$

$$H_{31} = L_{31} = U_3^{(0)} \cdot U_1^{(0)} \cdot \left(G_{31} \cdot \sin\theta_{31} - B_{31} \cdot \cos\theta_{31}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 0 - 10,0 \cdot 1,0) = -10,0 \text{ p.u.}$$

$$H_{23} = L_{23} = U_2^{(0)} \cdot U_3^{(0)} \cdot \left(G_{23} \cdot \sin\theta_{23} - B_{23} \cdot \cos\theta_{23}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 0 - 10,0 \cdot 1,0) = -10,0 \text{ p.u.}$$

$$H_{32} = L_{32} = U_3^{(0)} \cdot U_2^{(0)} \cdot \left(G_{32} \cdot \sin\theta_{32} - B_{32} \cdot \cos\theta_{32}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 0 - 10,0 \cdot 1,0) = -10,0 \text{ p.u.}$$

Елементите на субматриците N и M се:

$$N_{11} = P_{1\text{pres}}^{(0)} + G_{11} \cdot \left(U_1^{(0)}\right)^2 = 0 + 2 \cdot 1,0^2 = 2,00 \text{ p.u.}$$

$$M_{11} = P_{1\text{pres}}^{(0)} - G_{11} \cdot \left(U_1^{(0)}\right)^2 = 0 - 2 \cdot 1,0^2 = -2,00 \text{ p.u.}$$

$$N_{22} = P_{2\text{pres}}^{(0)} + G_{22} \cdot \left(U_2^{(0)}\right)^2 = -0,05 + 3,0 \cdot 1,0^2 = 2,95 \text{ p.u.}$$

$$M_{22} = P_{2\text{pres}}^{(0)} - G_{22} \cdot \left(U_2^{(0)}\right)^2 = -0,05 - 3,0 \cdot 1,0^2 = -3,05 \text{ p.u.}$$

$$N_{33} = P_{3\text{pres}}^{(0)} + G_{33} \cdot \left(U_3^{(0)}\right)^2 = -0,05 + 3,0 \cdot 1,0^2 = 2,95 \text{ p.u.}$$

$$M_{33} = P_{3\text{pres}}^{(0)} - G_{33} \cdot \left(U_3^{(0)}\right)^2 = -0,05 - 3,0 \cdot 1,0^2 = -3,05 pu$$

$$N_{12} = -M_{12} = U_1^{(0)} \cdot U_2^{(0)} \cdot \left(G_{12} \cdot \cos\theta_{12} + B_{12} \cdot \sin\theta_{12}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 1 + 10 \cdot 0) = -1,0 \text{ p.u.}$$

$$N_{21} = -M_{21} = U_2^{(0)} \cdot U_1^{(0)} \cdot \left(G_{21} \cdot \cos\theta_{21} + B_{21} \cdot \sin\theta_{21}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 1 + 10 \cdot 0) = -1,0 \text{ p.u.}$$

$$N_{13} = -M_{13} = U_1^{(0)} \cdot U_3^{(0)} \cdot \left(G_{13} \cdot \cos\theta_{13} + B_{13} \cdot \sin\theta_{13}\right) = 1,0 \cdot 1,0 \cdot (-1 \cdot 1 + 10 \cdot 0) = -1,0 \text{ p.u.}$$

